ЕСЕН 2003 ▫ МАКЕДОНИЈА

# THE BULLETIN

THE REGIONAL ENVIRONMENTAL CENTER FOR CENTRAL AND EASTERN EUROPE

Билтен на Регионалниот центар за заштита на животната средина за
Централна и Источна Европа - Канцеларија во Македонија

## Содржина

Програма за национални и регионални грантови 3

Развивање на стратегија за имплементација на Архуската Конвенција - завршни активности 4

Состанок на Министрите за животна средина од земјите учеснички во процесот на Стабилизација и Асоцијација 5

Активности на невладините организации 8

Training for Young Environmental Leaders 2004 9

Среќна Нова 2004



# Да ги чуваме даровите од природата!!!




**Вработените во Канцеларијата на РЕЦ во Македонија, на сите екологисти им посакуваат**

**Среќна Нова 2004!**

**Адреса на главната канцеларија во Сентендре:**
The Regional Environmental Center for Central and Eastern Europe
Ady Endre ut. 9-11
2000 Szententre Hungary
Tel.+36 26 504 000;
Fax. +36 26 311 294
e-mail: info@rec.org
http://www.rec.org

**Адреса на Канцеларијата во Македонија:**
Регионален центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа
Канцеларија во Македонија
ул. Мит. Теодосиј Гологанов бр. 39/2-2
1000 Скопје
Тел: 02 3131 904
Факс: 02 3128 116
e-mail: rec@rec.org.mk
http://www.rec.org.mk

# ПРОГРАМА ЗА НАЦИОНАЛНИ И РЕГИОНАЛНИ ГРАНТОВИ

**Национални грантови**

Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) објавува повик за доставување предлози заради доделување поддршка на проекти на невладини организации (НВОи) во областа на одржливиот развој. Оваа програма за доделување неповратни средства (грантови) е финансиски поддржана од Канцеларијата за соработка “EuropeAid“ на Европската Комисија.

Невладините организации од Македонија се поканети да аплицираат. Максималниот износ на неповратни средства по проект изнесува 10,000 евра, а минималниот 5,000 евра. Вкупниот износ доделен на Р. Македонија изнесува 45,000 Евра.

***Крајниот рок за доставување на концепциските документи е 16 февруари, 2004. Кон средината на 2004 година ќе биде објавен уште еден повик.***

За добивање повеќе информации за оваа програма за доделување грантови, заинтересираните можат:

- Да ја посетат Интернет страницата на РЕЦ Канцеларијата во Македонија:

http://www.rec.org.mk

- Да ги контактираат Јордан Бајрактаров или Марина Орцанова во канцеларијата на РЕЦ во Македонија (е-маил: jordan@rec.org.mk или marina@rec.org.mk ; тел/факс: 02/ 3131-904 или 3128-116. Оригиналниот концепциски документ треба да пристигне по пошта или лично да се донесе во канцеларијата на РЕЦ во Македонија (ул. Мит. Теодосиј Гологанов бр. 39-2/2, 1000 Скопје) до 16 февруари 2004 година, до 16 часот.

**Регионални грантови**

Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) објавува повик за доставување предлози заради доделување поддршка за регионални проекти на невладини организации (НВОи) во областа на одржливиот развој.

Невладините организации од Македонија се поканети да соработуваат со други НВОи од Албанија, Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора, Хрватска и Косово (територија под привремена администрација на ОН), заради аплицирање за заеднички проекти. Оваа програма комплетно се реализира на англиски јазик.

Максималниот износ на неповратни средства по проект изнесува 35,000 евра.

Вкупниот фонд за овој повик изнесува 160,000 евра.

***Крајниот рок за доставување на концепциските документи за регионални проекти е 2 февруари, 2004.***

За добивање повеше информации за оваа програма за доделување грантови, контактирајте ги Јордан Бајрактаров или Марина Орцанова во канцеларијата на РЕЦ во Македонија или Церасела Станцу (cstancu@rec.org), во седиштето на РЕЦ во Унгарија, како и да ја посетат веб страницата на РЕЦ.

# РЕЦ НА САЕМ НА НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Од 20 до 23 ноември 2003 година на Скопскиот Саем се одржа Третиот Саем на Невладините Организации во организација на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), Институтот Отворено Општество и Иститутот за трајни заедници (ИТЗ). На овој саем свое учество зема и РЕЦ Канцеларијата во Македонија со свој штанд и панел дискусија. На штандот посетителите на овој саем имаа можност одблиску да се запознаат со работата и активностите на нашата Канцеларија, како и со изданијата на Регионалниот центар за заштита на животната средина.

Покрај ова во организација на РЕЦ Канцеларијата во Македонија се одржа и Панел дискусија која се одвиваше во рамките на Саемот. Темата на дискусијата беше ***“Глобализација или одржлив развој за Македонија“*** на која свои излагања имаа Проф. Д-р Љупчо Групче (професор во пензија), М-р Маргарита Матлиевска од Министерството за Животна средина и просторно планирање, сектор - Одржлив развој и Јасминка Пашалиска-Андонова од Еколошкото друштво “Кладенец“ - Пехчево. Фацилитатор на дискусијата беше Даниела Стојановска од ДЕМ.

Предавачите на оваа дискусија го објаснија поимот Одржлив Развој преку соодветни примери и презентации и ги доближија на учесниците основните постулати и дефиниции за Одржливиот развој на едно општество. Исто така беа презентирани активностите кои се превземаат од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање како и на Владата на Република Македонија за придонесот на нашата држава кон Глобалниот Одржлив развој на национално така и на локално ниво. Беа истакнати активностите и можностите на Невладините организации и нивниот придонес кон унапредувањето и градењето на Одржливиот развој и растеж на нашето општество .

Исто така овој настан т.е дискусија беше искористена и за официјално промовирање на *“Националната финансиска програма на РЕЦ за доделување грантови на НВОи во областа од Одржлив развој“*. Националната програма за грантови ја образложи Директорот на Канцеларијата на РЕЦ во Македонија г-ѓа Катарина Стојковска.

# РАЗВИВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АРХУСКАТА КОНВЕНЦИЈА - ЗАВРШНИ АКТИВНОСТИ

Во рамките на проектот РЕРеП 2.2 “Развивање на Стратегија за Имплементација на Архуската Конвенција“ во месец ноември и декември, 2003 година, се завршени сите активности кои ги најавивме во минатиот број на билтенот.



Во периодот од 23 до 25 октомври 2003г. во хотел Парк во Охрид, се одржа дводневен семинар на тема: ***Практични аспекти од Имплементацијата на Архуската Конвенција*** за претставници на судството во Репблика Македонија. Предавачи на овој семинар беа двајца странски експерти: Stiven Stek, кој е еден од авторите на Прирачникот за имплементација на Архуската Конвенција издаден од Економската Комисија за Европа во Женева, и Shandor Fulop член на Комитетот за спроведување на Архуската Конвенција.

На 7 ноември, во Клубот на пратеници во Скопје, се одржа семинар за претставници на јавната администрација на кој што беа присутни лица вработени во министерствата и другите релевантни владини институции кои што се одговорни за односи со јавноста.

Од 27 до 29 ноември во хотел Инекс Горица во Охрид, се одржа национален состанок на кој беа поканети сите учесници на досегашните семинари и кои што веќе се запознати со одредбите на Конвенцијата и статусот на нејзиното спроведување во Република Македонија. Состанокот беше организиран така да три дена се работеше по *Методот на отворен простор*, односно самите учесници ги дефинираа проблемите и темите на кој што сакаат да дискутираат во текот на одржување на состанокот како и групите во кој ќе работат за надминување на таквите состојби. Како резултат на овој национален состанок добивме конкретни препораки за понатамошните правци на делување за поуспешна имплементација на Архуската Конвенција во Република Македонија.

Во меѓувреме паралелено со сите овие активности беше изработена првата нацрт верзија на Стратегијата за имплементација на Конвенцијата за која што се користени студиите на експертите за кој што повеќе пати досега пишувавме и оваа нацрт верзија беше претставена на последната, четврта по ред **Интерминистерска средба** која што се одржа на 5 декември 2003г. во Клубот на пратеници во Скопје. На оваа средба членовите на интерминистерска работна група за имплементација на Конвенцијата имаа можност да се запознаат со содржината на Стратегијата како и со акциониот план за имплементација на Конвенцијата. Рокот за коментари и забелешки е до 25 декември 2003г. по што ќе се подготви финалната верзија на Стратегијата и таа ќе му биде предадена на Министерството за заштита на животна средина и просторно планирање. Со оваа активност завршува овој обемен и полн со содржини проект.

Во меѓувреме излезени се од печат два илустрирани прирачника за Имплементација на Архуската Конвенција, еден за граѓаните и еден за претставниците на јавната администрација кои што беа поделени на учесниците на сите настани организирани последниов месец. Доколку сте заинтересирани да добиете прирачник или пак подетални информации за проектот можете да се јавите во канцеларијата на РЕЦ во Скопје.

**Лице за контакт:**
***Корнелија Радовановиќ***
e-mail: kornelija@rec.org.mk



# СОСТАНОК НА МИНИСТРИТЕ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА ОД ЗЕМЈИТЕ УЧЕСНИЧКИ ВО ПРОЦЕСОТ НА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА ВО СКОПЈЕ

На 15-ти октомври 2003 год. во Хотел "Александар Палас"-Скопје се одржа средба на Министрите за животна средина од земјите вклучени во процесот на Стабилизација и Асоцијација (ПСА) кон ЕУ која е иницирана од страна на Министерот за животна средина и просторно планирање на Македонија, г-дин Љубомир Јанев.

Главна цел на средбата беше дискусија меѓу делегациите на Министерствата за животна средина од Албанија, Босна и Херцеговина, Македонија, Хрватска и Заедницата на Србија и Црна Гора за досегашниот прогрес и проблеми во реализирањето на процесот на Стабилизација и Асоцијација кон ЕУ како и постигнување на заеднички приод кон решавање на постоечките приоритетни проблеми од областа на животната средина.

Воведната сесија започна со свечено отворање на состанокот и поздравен говор од страна на Потпретседателот на Владата на Република Македонија, г-ца Радмила Шеќеринска и Министерот за животна средина и просторно планирање на Македонија, г-дин Љубомир Јанев.

За време на дискусиите секоја делегација се осврна на прогресот на процесот на Стабилизација и Асоцијација во делот на животната средина во својата земја, пречките на кои се наидува при негова реализација и се даде акцент на потребите за помош и поддршка преку ефикасни механизми.

За време на состанокот презентација одржа и г-ѓа Марта Бониферт, Извршен Директор на Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) за Регионалната Програма за реконструкција на земјите на Југоисточна Европа (РЕРеП програма). Реализацијата на РЕРеП Програмата беше претставена како пример за успешен механизам за спроведување на обврските кон животната средина во рамките на процесот на Стабилизација и Асоцијација.

Средбата заврши со прифаќање и потпишување на ***Заедничка Изјава*** од сите земји учеснички која ги содржи најважните заклучоци од дискусиите и дефинираните приоритети и потреби во областа на животната средина. Учесниците се договорија на организиран начин да ја пренесат *Заедничката Изјава* на донаторската заедница.



*Заедничката Изјава* претставува официјален документ кој беше претставен од страна на Министерот за животна средина и просторно планирање на Македонија, г-дин Љубомир Јанев на Петтата средба на РЕРеП Работната група која се одржа во Брисел на 7 ноември 2003 год. Заедничката Изјава ги покажува напредокот на земјите учеснички во ПСА во областа на заштита на животната средина, волјата и желбата за меѓусебна соработка, заедничкиот пристап кон решавањето на меѓуграничните проблеми на животната средина, како и размената на искуства при имплементација на директивите од ЕУ кои претставуваат главни инструменти за напредокот на земјите.

Претставници на дипломатскиот кор на земјите учеснички на средбата како и на поголем број земји донатори за животна средина во регионот присуствуваа како набљудувачи на сесијата на прифаќањето и потпишувањето на Заедничката Изјава.

Текстот на заедничката изјава можете да го најдете на веб страницата на РЕЦ **http://www.rec.org.mk/Ministerskisostanok/Zaednickaizjava.pdf**.

## ТРИДНЕВНА ОБУКА ЗА РАЗВИВАЊЕ НА ЕКОЛОШКИ ТУРИЗАМ ВО ПРЕСПАНСКИОТ РЕГИОН



Во рамките на проектот Развивање на одржливи форми на туризам: Еколошки туризам во Преспанскиот регион од 9 до 11 декември, 2003 во хотел Кјуби Македонија во Отешево се одржа тридневна обука на тема Еколошки туризам. На обуката учествуваа околу 40 претставници од локалната самоуправа, невладини организации како и заинтересирани поединци за развивање на оваaа форма на туризам од регионот од Македонија и од Албанија.

Оваа обука ќе ја следат неколку работилници на кои учесниците кои што сега се запознаа со основите на еколошкиот туризам ќе треба да дадат свои идеи и да придонесат во развивање на акционен план за воведување на еколошкиот туризам во овој регион.

## ОДРЖАНА РЕГИОНАЛНА СРЕДБА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА МРЕЖАТА НА ПРАВНИ ЕКСПЕРТИ ВО РАМКИТЕ НА РЕРЕП 2.6 ПРОЕКТОТ

Во Охрид од 10-14.12.2003 се одржа 5-тата регионална средба на членовите на мрежата на правни експерти кои веќе работат или во иднина ќе работат во Правни центри од областа на животна средина во Југоисточна Европа.

На средбата присуствуваа 42 членови на мрежата на правни експерти која беше креирана на почетокот на започнување на проектот РЕРеП 2.6 *“Поддршка во формирање на Правни центри од областа на животната средина во Југоисточна Европа“* во 2001 год. Проектот е финансиран од Владата на Холандија и земји учеснички во проектот се: Романија, Бугарија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Албанија, Србија и Црна Гора и Македонија.

На средбата беа претставени неколку теми кои побудија интерес кај учесниците: ***“Финансирање на Правни центри кои работат во интерес на граѓаните во областа на животна средина“*** со искуства од Чешка, *“Застапување на јавен интерес на заедницата“*, *“Употреба на кампањи за поддршка на решавање на случаи од областа на животната средина“*, *“Управување со ризици од индустриски несреќи“* и *“Кривично право во животната средина“*. Сите теми кои беа изложени од страна на странските експерти беа придружени со вежби во работни групи и придонесоа кон зајакнување на капацитетите на правниците од Правните центри од областа на животната средина во Југоисточна Европа.



Од страна на учесниците средбата беше оценета како многу корисна, со многу конкретни правни случаи и ефикасна работа во групи.

**Лице за контакт:**
***Славјанка Пејчиновска-Андонова***

# ОБУКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА МЕЃУНАРОДНА ТРГОВИЈА СО ЗАГРОЗЕНИ ДИВИ ФЛОРА И ФАУНА



Во периодот 20.10-22.10.2003 год. во Охрид се одржа национална работилница со наслов "*Спроведување на Конвенцијата за меѓународна трговија со загрозени диви флора и фауна во Република Македонија (CITES Конвенција)*".

Работилницата се спроведе во рамките на проектот "Поддршка за прифаќање и спроведување на мултилатерални договори од областа на животната средина во Југоисточна Европа", како дел од РЕРеП Програмата(Регионалната Програма за реконструкција на животната средина во Југоисточна Европа). Проектот е финансиран од страна на Холандската Влада и се спроведува во Албанија, Бугарија, Романија, Македонија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Србија и Црна Гора.

Проектот го спроведува Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа и националната работилница беше реализирана заедно со Министерството за животна средина и просторно планирање.

Предавач на националната работилница беше Г-дин Ger van Vliet - тренер од Секретаријатот на CITES Конвенцијата во Женева. На националната работилница присуствуваа 48 учесници од владините институции (Министерство за животна средина и просторно планирање-Инспекторатот за животна средина, Правната служба и Службата за животна средина, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство-Инспекторатот), Царинската Управа со испоставите на граничните премини, академските институции, претставници на бизнис секторот кои тргуваат со примероци на диви флора и фауна, невладините организации и други заинтересирани страни.

Главните теми кои беа изложени на обуката се: "Како работи CITES Секретаријатот и принципите на CITES Конвенцијата", "Улогата на надлежните институции во спроведувањето на CITES Конвенцијата", "Издавање на дозволи и уверенија", " Улогата на науката", "Системи на управување со дозволи", "Употреба на прилозите" и "Тргување со земји кои не се страни на CITES Конвенцијата". Исто така на работилницата беа презентирани и македонската законодавно-правна рамка на регулирањето на меѓународната трговија со загрозени диви видови како и постапката за издавање на дозволи и постапка при увоз, извоз или транзит на диви видови во Македонија.

Преку тренинг материјалот, презентациите и вежбите кои се спроведоа за време на обуката се придонесе кон зајакнување на капацитетите на надлежните институции за спроведување на барањата на CITES Конвенцијата со цел успешно спроведување на истата во нашата земја.

Поради обемноста и сложеноста на материјата како и вклученоста на голем број на надлежни владини и академски институции во спроведувањето на барањата на CITES Конвенцијата, од страна на учесниците беше изложена потребата за дополнителни обуки за поединечни групи на слушатели поделени по надлежности во спроведувањето на Конвенцијата.

**Лице за контакт:**
***Славјанка Пејчиновска-Андонова***
e-mail*:* slavjanka@rec.org.mk



# Заедничка изјава на членовите на надзорниот одбор на Проектот РЕРеП 2.1: Регионален еколошки прес центар

Членовите на надзорниот одбор на проектот РЕРеП 2.1 Регионален еколошки прес центар за Југоисточна Европа, издадоа заедничка изјава на крејот од вториот состанок на Надзорниот одбор, одржан во Охрид, во периодот од 26 до 28 октомври 2003:

Позитивно ги оценуваме постигнатите резултати и ја цениме работата реализирана во рамките на овој проект од страна на партнерите во проектот и Ресурсните Точки.

Членовите на Надзорниот одбор ги разгледаа и прифатија позитивните постигнувања во следните области:

- Првиот обид на новинарите кои работат на животна средина во Југоисточна Европа да ги идентификуваат пречките со кои се среќаваат новинарите кога се обидуваат да дојдат до информација за животната средина, најчесто користени контакти/ извори, идни приоритети за регионалните/ националните прес центри итн;
- Формирање на систем на конатктии помеѓу новинарите кои известуваат за животната средина во регионот на Југоисточна Европа;
- Формирање на Регионален Еколошки Прес Центар како механизам за размена на информациите во регионот на Југоисточна Европа;
- Формирање на мрежа на Ресурсни Точки како најпрактичен начин за пристап до еколошките новинари во регионот на Југоисточна Европа;
- Подобрување на можностите и професионалните способности на новинарите во регионот преку регионални обуки;
- Формирање, иден развој и редовно обновување на он-лајн услугите за информации (веб страни, електронски огласи) и он-лајн бази на податоци на експерти и еколошки новинари за Југоисточна Европа;

Врз основа на позитивните резултати на сегашните проекти, членовите на надзорниот одбор, одредија дека треба да се земе во предвид понатамошно развивање на проектот. Идните активности на проектот треба да се фокусираат на:

- Зголемување на капацитетите на Ресурсните Точки во регионот на Југоисточна Европа, со цел да понудат повисок (подобрен) квалитет на услугите за новинарите;
- Зголемено интересирање за работата на еколошките новинари во регионот од страна на странските дописници и уредници;
- Развој на компонента за меѓу-културна размена во рамките на проектот;
- Зголемување на нивото на знаење на еколошките новинари за заеднички теми;
- Подобрување на регионалните организациски структури на Ресурсните Точки, имајќи ги во предвид националните поединости и потреби;
- Интензивирање на контактите со соседните земји во регионот на Југоисточна Европа (Турција, Грција, Унгарија, Словенија, Молдавија)
- Поинтензивна соработка со цел решавање на преку-граничните проблеми од областа на животнтата средина;
- Поинтензивна соработка со други постоечки извори на информации од областа на животната средина.

Членовите на надзорниот одбор препорачаа поголемо вклучување на невладините организации и младите луѓе во обуките и едукацијата за можностите на еколошките медиуми;



Членовите на надзорниот одбор го поддржаа Регионалниот Центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа во развивањето на план за идните активности на РЕПЦ, во соработка со Ресурсните Точки и членовите на надзорниот одбор. Во согласност со ова, Надзорниот Одбор му дава мандат на Регионалниот Центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа да биде одговорен за прибирање на финансиски средства и целосна имплементација на идниот проект.

# TRAINING FOR YOUNG ENVIRONMENTAL LEADERS 2004

## Supported by the Ministry of the Environment and Territory, Italy

**Ready to take a big step forward?**
**Are you a young environmentalist, between 20 and 30 years old?**
**Do you have the potential to be a leader?**
**Are you ambitious, talented and resourceful?**

**Introduction**

The young environmentalists of Central and Eastern Europe have the potential to be the leaders of tomorrow. The Regional Environmental Center for Central and Eastern Europe (REC) has teamed up with Italian NGO L'Umana DiMora to establish a comprehensive Training for Young Environmental Leaders programme. It aims to provide advanced training in organisational and technological methods in a stimulating international atmosphere,

The training sessions consist of three weeks of theoretical training in a multicultural setting at the REC's head office in Szentendre, Hungary, and a one-week study tour in Italy, focusing on management skills; the latest environmental methods (e.g. information technologies and market-based solutions); and the transfer of these skills to peers.

**Focus**

Theoretical training involves interactive group work and individual activities that produce tangible results - NGO and project management, campaign strategies, media relations, communications, fundraising, business plans for NGOs, public participation in environmental decision-making, NGOs and civil society, new approaches to environmental problems, and much more. Participants develop products tailored to their own needs, such as project proposals, funding strategies, press releases and community action plans.

**International exposure**

After the theoretical training in Hungary, young leaders will travel to Italy to see first-hand how environmental concerns are tackled. L'Umana DiMora will show them how progressive farms in Italy employ sustainable agricultural practices, how national parks protect biodiversity and how recycling plants sort, recover and pass on valuable materials. They will also witness how NGOs in Italy carry out environmental campaigns and organise their projects within the context of EU regulations. Through this exposure, young leaders will contribute to actual environmental protection programmes, thus gaining valuable experience and building contacts for future cooperation.

Italian experts will also train participants in the preservation of protected areas, national parks and reserves; water resource management; sustainable agriculture and eco-tourism; waste management and cleaner production; animal and wildlife protection; foodstuff certification; energy efficiency; air quality and pollution; and transport and traffic.

**Eligibility and funding**

Participants from different backgrounds throughout Central and Eastern Europe are eligible for the programme. You should be between 20 and 30 years old, show a strong commitment to the environment in the CEE region, work in an environmental NGO, with citizenship of one of the participating countries, and speak and write English well.

For the 2004 sessions, the REC invites participants from Albania, Bosnia and Herzegovina, Bulgaria, Croatia, the Czech Republic, Estonia, Hungary, Latvia, Lithuania, Macedonia, Poland, Romania, Slovakia, Slovenia and Serbia and Montenegro..

The REC will cover all costs related to travel, food, training fees and accommodation for participants from the countries listed above.

Participants from other countries (in particular Turkey, Malta and Cyprus) are also invited but are responsible for covering their own costs and fees.

**Selection process**

All applications are screened by the REC to identify potential participants. Brief telephone interviews are conducted with selected participants for the final selection. Chosen participants are informed within three weeks after the interview.

**Schedule for 2004**

Training period/Application Deadline

Mar 8 - Apr 3 / Jan 12
May 3-29 / Mar 8
Jun 14 - Jul 10 / Apr 5
Sep 6 - Oct 2 / Jul 5
Oct 18 - Nov 13 / Aug 16

**Application and more information**

Should you need further information, please do not hesitate to contact Adriana Craciun at the REC. For your convenience, an application form is available at REC CO Macedonia (contact person: Ms. Marina Ordzanova; phone: 02/ 3131 904; e-mail: marina@rec.org.mk). Please complete the form in English, providing complete information as requested, and send it by e-mail, fax or post to.

*Adriana Craciun, Project Manager*
*NGO Support and Capacity Building*
*Regional Environmental Center for Central and Eastern Europe*

*Ady Endre ut 9-11*
*2000 Szentendre, Hungary*
*Tel. (36-26) 504-068*
*Fax (36-26) 311-294*
*E-mail: acraciun@rec.org*

### *Завршени проекти финансирани од страна на Канцеларијата на РЕЦ во Македонија*

Во месец ноември 2003 година, се финализираа активностите од програмата за финансиска поддршка на проекти во рамките на проектот “Поддршка на НВОи во и надвор од границите на Централна и Источна Европа“, финансирана од Данската Агенција за заштита на животната средина. Во рамките на оваа програма во текот на 2002 година, Канцеларијата на РЕЦ во Македонија финансиски поддржа реализација на три проекти на невладини организации во Македонија:




Број на проектот: НГ 10103
Наслов: “Управување со цврсти отпадоци во рурални средини“
НВО: НОВИНА - Скопје
Одобрена сума: 6750 ЕУР
Краток опис на проектот: Проектот се однесува на населението од руралните средини за основните принципи во управувањето со цврстите отпадоци, особено на компостирањето (теоретски и практичен аспект).

Број на проектот: НГ 10114
Наслов: “Сонцето-нашата иднина“
НВО: Здружение на граѓани ПРОАКТИВА - Скопје
Одобрена сума: 6821 ЕУР
Краток опис на проектот: Претставување на можните начини за искоритсувањето на сончевата енергија и тоа преку практични примери и презентации, со цел обновливата енергија да стане почесто употребувана во секојдневниот живот.

Број на проектот: НГ 10116
Наслов: “Излет во градското двориште“
НВО: Еколошко друштво ЕКОМЕНТ - Прилеп
Одобрена сума: 5994 ЕУР
Краток опис на проектот: Проектот се однесуваше на градксите излетнички места и создавање на систем на нивно одржување и унпредување преку вклучување на сите сектори во општеството, односно преку интезивирање на соработката помеѓу локалните и централните власти, бизнис секторот и сопственицитe на земјиштата, со посредништво на еколошки невладини организации.



Овие проекти ги имаа своите завршни активности во периодот октомври-ноември 2003.

Подетални информации за текот и реализацијата на проектите, можете да добиете во Канцеларијата на РЕЦ, како и во секоја од организациите кои ги спроведуваа проектите. Резултатите од проектите се достапни и на следните веб страници:
http://www.proaktiva.org.mk
http://www.ekogim.org.mk

## *Нови публикации издадени од страна на Канцеларијата на РЕЦ во Македонија*

Во Канцеларијата на РЕЦ во Македонија ќе може да добиете бесплатен примерок од новата публикација *“Национален преглед на EIA системот во Република Македонија“.*

Публикацијата има за цел да обезбеди извор на информации за постоечката EIA легислатива и процедура во Република Македонија како и да информира за јавното мислење околу текстот на одредбите кои се однесуваат на EIA и SEA во работната верзија на новиот Закон за животна средина кој е во фаза на изготвување.

Публикацијата е напишана на англиски и македонски јазик и се состои од два дела: ***Глава I***. Национален преглед на EIA системот; ***Глава II***. Анализа на коментарите и забелешките од јавноста на работната верзија на новиот Закон за животна средина-одредбите кои се однесуваат на EIA и SEA. Публикацијата е достапна и во електронска форма на веб страницата на РЕЦ (http://www.rec.org.mk).







Во рамките на проектот РЕРеП 2.2 **Развивање на стратегија за спроведување на Архуската Конвенција во Република Македонија**, Канцеларијата на РЕЦ во Македонија издаде две публикации-прирачници за спроведување на Архуската Конвенција во Македонија. Едниот прирачник е наменет за службениците во јавната администрација, а другиот за граѓаните. Овие прирачници се кратко објаснување за начинот на користење на Архуската Конвенција како значајно средство при заштитата на животната средина и градењето на демократијата. Создадени се со цел да ги запознаат службениците во јавната администрација и граѓаните за правата и обврските за живот во здрава животна средина, како и да помогнат во прифаќањето и ефективното спроведување на барањата на Конвенцијата во Македонија.

Сите заинтересирани за овие прирачници може да ги добијат бесплатно во Канцеларијата на РЕЦ во Македонија. Прирачниците се достапни и во електронска форма на веб страницата на РЕЦ (http://www.rec.org.mk)

# Регионален центар за заштита на животната средина во Централна и Источна Европа - Канцеларија во Македонија

**Претставување**

Регионалниот центар за заШтита на животната средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) е независна, неполитичка и непрофитабилна организација. РЕЦ беШе основан во 1990 година од страна на Унгарија, Соединетите Американски Држави и Комисијата на Европската Заедница. Потоа, уШте дваесет и три други држави им се придружија на овие спонзори на фондацијата.

Мисијата на РЕЦ е да ја помага соработката помеЃу различните еколоШки групи и интереси во Централна и Источна Европа; да го унапредува развојот на граЃанското опШтество. Кориснички земји се: Албанија, Бугарија, Македонија, Полска, Романија, Словачка, Словенија, Унгарија, Хрватска, Летонија, Естонија, Литванија, ЧеШка, Босна и Херцеговина и Србија и Црна Гора. Покрај националните канцеларии во овие земји, РЕЦ има и две обласни канцеларии, во Бања Лука и ПриШтина. РЕЦ првенствено ги поддржува невладините организации (НВОи) кои работат на заШтитата на животната средина, но исто така соработува со локалните влади, академските институции и производствениот сектор.

**Стратегија**

Развојните програми на РЕЦ се направени такаШто ги помагаат следниве клучни приоритети:

- Учество на јавноста во процесот на донесување одлуки за заШтитата на животната средина;
- Соработка помеЃу НВОи, владата, стопанскиот сектор и другите различни интереси;
- ширење на јавната еколоШка свест и образованието;
- Локално реШавање на локалните еколоШки проблеми;
- Интегрирано реШавање на регионалните еколоШки проблеми.

Покрај тоа, програмите на РЕЦ потпомагаат индивидуалци и организации кои развиваат или спроведуваат реШавање на еколоШките проблеми во регионот.

РЕЦ е присутен во Република Македонија со свој координатор од јуни 1993 година.

Канцеларијата на РЕЦ во Македонија официјално ја започна својата работа во јануари 1995 година.








Регионален центар за заштита
на животната средина
во Централна и Источна Европа
Канцеларија во Македонија

ул. "Митрополит Теодосиј Гологанов"
бр. 39/2-2, 1000 Скопје

тел: (02) 131 904
факс: (02) 128 116

e-mail: rec@rec.org.mk
http://www.rec.org.mk


*Прима:*